**Известување за концентрациjа со коjа ALFI DIY CEE, Алтернативни инвестициjски склад, Словениjа и АЛФИ М1, наменска дружба за инвестициjе, д.о.о., Словениjа стекнуваат единствена контрола над МЕРКУР трговина д.о.о., Словениjа (предмет бр. 08-15/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренциjата („Службен весник на Република Македониjа“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 14.12.2021 година до Комисиjата за заштита на конкуренциjата е доставено известување за концентрациjа со коjа друштвото (АЛФИ ДИУ ЦЕЕ) ALFI DIY CEE, Алтернативни инвестициjски склад, управувано од АЛФИ, управљање алтернативних инвестициjских сладов д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словениjа и неговото друштво за специjални намени АЛФИ М1, наменска дружба за инвестициjе, д.о.о. со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словениjа стекнуваат единствена контрола над МЕРКУР трговина д.о.о. со седиште на Цеста на Окрогло 7, 4202 Накло, Словениjа.

**Учесници во концентрациjата и нивни деловни активности:**

Концентрациjата се однесува на стекнување единствена контрола од **ALFI DIY CEE, Алтернативни инвестициjски склад**, управувано од **АЛФИ, управљање алтернативних инвестициjских складов д.о.о.,** и неговото друштво за специjални намени (ДСН или SPV) **АЛФИ М1, наменска дружба за инвестициjе, д.о.о.** над **МЕРКУР трговина д.о.о.** врз основа на Договор за купопродажба на удели.

**ALFI DIY CEE, Алтернативни инвестициjски склад** е запишан во Регистарот на фондови каj Агенциjата за пазар на хартии од вредност на Република Словениjа на 20 септември 2021. Ова друштво, нема своjство на правно лице и истото е застапувано од АЛФИ, управљање алтернативних инвестициjских сладов д.о.о. кое е основано 2017 година со основна деjност управување со финансиски фондови.

**АЛФИ М1 наменска дружба за инвестициjе, д.о.о.** е наменско друштво кое е основано на 23.11.2021 со цел купување на **МЕРКУР трговина д.о.о.** Регистрирана деjност на друштвото е активности на холдинг компании.

АЛФИ Групата во Република Северна Македонија има 2 поврзани друштва:

- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје со седиште на Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје и
- ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје со седиште на Ул. Христо Татарчев 121 Г, Кисела Вода, Скопје

**МЕРКУР трговина д.о.о** се бави се малопродажба на градежни материјали, метални производи, бои и стакло во специјализирани продавници.

Меркур трговина д.о.о нема поврзани друштва на пазарот во Република Северна Македонија.

Подносителот смета дека **релевантниот пазар на производи** може да се дефинира како пазар на малопродажба на производи направи сам (do-it-yourself-DIY) и производи за подобрување на домаќинствата, за непрофесионални корисници, без понатамошна поделба на пазарот врз основа на различните производи или канали за дистрибуција.

Што се однесува до **географскиот опсег на пазарот** за предметната концентрација, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како национален.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

20.01.2022 година, Скопје